.890
Službeni vesnik SR
Makedonije
9100. Skopje
fah 51



# СЛУЖ

НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СФРЈ“ излегува во издание на српскохрватски односно хрватскосрпски, словеначки, македонски, албански и унгарски јазик. — Огласи според тарифата — Жиро-сметка кај Службата на општественото книговодство 60802-603-1125

Четврток, 8 март 1973
БЕЛГРАД
БРОЈ 12 ГОД. XXIX

Цена на овој број е 6 динари. — Претплатата за 1973 година изнесува 270 динари. — Редакција: Улица Јована Ристиќа бр 1. Пошт фах 226 — Телефони: централа 650-155; Уредништво 651-885; Служба за претплата 651-732; Комерцијален сектор 651-671; телекс 11756

**137.**

Врз основа на Уставниот амандман XXXVII точка 4 под 1, издавам

## УКАЗ

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА КАЈ НАРОДНАТА БАНКА НА ЈУГОСЛАВИЈА ЗАРАДИ ОБЕЗБЕДУВАЊЕ СРЕДСТВА ЗА ПОКРИТИЕ НА ОБВРСКИТЕ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА

Се прогласува Законот за задолжување на федерацијата кај Народната банка на Југославија заради обезбедување средства за покритие на обврските на федерацијата, што го усвои Сојузната скупштина, на седницата на Соборот на народите од 6 март 1973 година и на седницата на Општествено-политичкиот собор од 6 март 1973 година.

ПР бр. 177
7 март 1973 година
Белград

Претседател на Републиката,
**Јосип Броз Тито,** с. р.

Претседател
на Сојузната скупштина,
**Мијалко Тодоровиќ,** с. р.

## ЗАКОН

### ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА КАЈ НАРОДНАТА БАНКА НА ЈУГОСЛАВИЈА ЗАРАДИ ОБЕЗБЕДУВАЊЕ СРЕДСТВА ЗА ПОКРИТИЕ НА ОБВРСКИТЕ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА

Член 1

Народната банка на Југославија во 1973 година ќе ѝ одобри кредит на федерацијата во износ од 1.400 милиони динари заради обезбедување средства за покритие на обврските на федерацијата утврдени во овој закон.

Член 2

Кредитот од член 1 на овој закон Народната банка на Југославија ќе ѝ го одобри на федерацијата со рок на отплата од 20 години и со камата по стапка од 1% годишно. Отплатувањето на кредитот ќе се врши од средствата на буџетот на федерацијата во еднакви годишни ануитети, со тоа што првиот ануитет втасува за плаќање на 31 октомври 1976 година.

Каматата по кредитот од член 1 на овој закон се пресметува и се плаќа од 1 ноември 1975 година до конечната отплата на кредитот.

Член 3

Средствата на кредитот од член 1 на овој закон ќе се користат за покритие на обврските на федерацијата настанати по основ на тековните курсни разлики и враќањето на царинските, даночните и други давачки.

Средствата на кредитот ќе се користат преку жиро-сметката на буџетот на федерацијата.

Член 4

Договорот за користење на кредитот со Народната банка на Југославија ќе се склучи, од името на федерацијата, сојузниот секретар за финансии.

Член 5

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ“.

**138.**

Врз основа на Уставниот амандман XXXVII точка 4 под 1, издавам

## УКАЗ

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНЕНИЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РЕГУЛИРАЊЕ НА ОБВРСКИТЕ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА ПО ОСНОВ НА КУРСНИТЕ РАЗЛИКИ

Се прогласува Законот за измена и дополненија на Законот за регулирање на обврските на федерацијата по основ на курсните разлики, што го усвои Сојузната скупштина, на седницата на Соборот на народите од 6 март 1973 година и на седницата на Општествено-политичкиот собор од 6 март 1973 година.

ПР бр. 178
7 март 1973 година
Белград

Претседател на Републиката,
**Јосип Броз Тито,** с. р.

Претседател
на Сојузната скупштина,
**Мијалко Тодоровиќ,** с. р.

## ЗАКОН

### ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНЕНИЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РЕГУЛИРАЊЕ НА ОБВРСКИТЕ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА ПО ОСНОВ НА КУРСНИТЕ РАЗЛИКИ

Член 1

Во Законот за регулирање на обврските на федерацијата по основ на курсните разлики („Службен лист на СФРЈ“, бр. 39/72 и 71/72) во член 5 став 2 зборовите: „на 1 јули 1973 година“ се заменуваат со зборовите: „на 1 јули 1974 година“.

По став 2 се додава нов став 3, кој гласи:

„Од 1 јули 1973 година, врз основа на обврзници чија исплата втасува на 1 јули 1974 година, кај

Народната банка на Југославија банките можат да користат кредити за ликвидност до 10 дена во секој месец, под условите и во износите што ги утврдува Народната банка на Југославија."

Член 2

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

139.

Врз основа на Уставниот амандман XXXVII точка 4 под 1, издавам

## УКАЗ

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА УЧЕСТВОТО НА ФЕДЕРАЦИЈАТА ВО ОБНОВАТА НА БОСАНСКА КРАИНА

Се прогласува Законот за измена на Законот за учеството на федерацијата во обновата на Босанска Краина, што го усвои Сојузната скупштина, на седницата на Соборот на народите од 6 март 1973 година и на седницата на Стопанскиот собор од 6 март 1973 година.

ПР бр. 179
7 март 1973 година
Белград

Претседател на Републиката,
**Јосип Броз Тито**, с. р.

Претседател
на Сојузната скупштина,
**Мијалко Тодоровиќ**, с. р.

## ЗАКОН

### ЗА ИЗМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА УЧЕСТВОТО НА ФЕДЕРАЦИЈАТА ВО ОБНОВАТА НА БОСАНСКА КРАИНА

Член 1

Во Законот за учеството на федерацијата во обновата на Босанска Краина („Службен лист на СФРЈ", бр. 47/70) во член 2 став 1 зборовите: „со тоа што стопата на придонесот од личниот доход од работен однос од 1 јануари 1971 година да изнесува 0.7%" се заменуваат со зборовите „со тоа што основица за плаќањето на придонесот да биде нето-личниот доход на работниците од работниот однос и стапката на придонесот од 1 јануари 1973 година да изнесува 1%".

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

140.

Врз основа на член 81 став 3 од Законот за девизно работење („Службен лист на СФРЈ", бр. 36/72 и 71/72), Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА

### ЗА УСЛОВИТЕ ШТО БАНКИТЕ МОРААТ ДА ГИ ИСПОЛНУВААТ ЗА ВРШЕЊЕ ДЕВИЗНИ РАБОТИ

1. Банката може да добие овластување за вршење работи на платниот промет и кредитни работи со странство, ако располага со најмалку 500,000.000 динари во своите фондови, ако височината на депозитите што ги примила изнесува најмалку 1 000,000 000 динари и ако располага со раководни и други работници што имаат стручна подготовка потребна за успешно вршење на работите на платниот промет и на кредитните работи со странство.

Со самоуправната спогодба склучена помеѓу банките се утврдуваат работните места во банката што се сметаат како работни места на кои се вршат работи на платниот промет и кредитни работи со странство, како и минималната стручна подготовка и другите услови што мораат да ги исполнуваат раководните и други стручни работници од став 1 на оваа точка. Склучената самоуправна спогодба се депонира кај Народната банка на Југославија.

Ако самоуправната спогодба од став 2 на оваа точка не се склучи во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на оваа одлука, работните места во банката на кои се вршат работи на платниот промет и кредитни работи со странство, како и минималната стручна подготовка и другите услови што мораат да ги исполнуваат раководните и другите стручни работници за вршење на тие работи, ќе ги пропише сојузниот секретар за финансии. Тој пропис престанува да важи кога ќе се склучи самоуправната спогодба од став 2 на оваа точка.

Банката со општ акт поблиску ги определува стручната подготовка и другите услови што мораат да ги исполнуваат раководните и другите стручни работници од став 1 на оваа точка, придржувајќи се кон самоуправната спогодба од став 2 на оваа точка односно кон прописите од став 3 на оваа точка.

Заради утврдување дека се исполнети условите од став 1 на оваа точка банката што бара овластување ѝ ги поднесува на Народната банка на Југославија завршната сметка за претходната година, општиот акт од став 4 на оваа точка и изјава за тоа дека нејзините раководни и други стручни работници на тие работни места располагаат со стручна подготовка и со другите услови предвидени во самоуправната спогодба односно во прописот од став 3 на оваа точка.

2. Банката може да добие овластување за вршење на девизно-валутни работи во Југославија, ако располага со најмалку 100,000 000 динари во своите фондови и ако височината на депозитите што ги примила изнесува најмалку 200,000.000 динари.

Заради утврдување дека се исполнети условите од став 1 на оваа точка, банката што бара овластување ѝ ја поднесува на народната банка на републиката односно на народната банка на автономната покраина завршната сметка за претходната година.

3. Народната банка на Југославија утврдува дека се исполнети условите од точка 1 на оваа одлука, а народната банка на републиката односно народната банка на автономната покраина дека се исполнети условите од точка 2 на оваа одлука — и ако утврди дека условите се исполнети на банката ѝ издава овластување. Врз основа на издаденото овластување, дополнувањето на предметите на своето работење банката го запишува во регистарот на организациите на здружениот труд.

4. Ако Народната банка на Југославија, народната банка на републиката односно народната банка на автономната покраина утврди дека банката престанала да ги исполнува условите од точка 1 односно од точка 2 на оваа одлука, на банката ќе ѝ го достави својот наод и ќе ја повика најдоцна во рок од една година од денот на доставувањето на наодот да поднесе доказ дека ги исполнила тие услови.

Ако банката во рокот од став 1 на оваа точка не поднесе доказ дека ги исполнила условите од

точка 1 односно од точка 2 на оваа одлука, Народната банка на Југославија, народната банка на републиката односно народната банка на автономната покраина во рок од 15 дена од денот на истекот на рокот од став 1 на оваа точка ќе донесе решение за одземање на овластувањето за вршење на работите на кои гласи овластувањето. Со денот на доставувањето на решението банката го губи правото да ги врши работите од овластувањето.

5. Банките што до 1 октомври 1972 година биле овластени да вршат работи на платниот промет и кредитни работи со странство односно што биле овластени да вршат девизно-валутни работи во Југославија, а кои според одредбата на член 121 од Законот за девизно работење продолжуваат да работат како банки овластени според тој закон, ако според завршната сметка за 1972 година не ги исполнуваат финансиските услови од точка 1 односно од точка 2 на оваа одлука, се должни да ги исполнат тие услови во рок од три години од денот на влегувањето во сила на оваа одлука, со тоа што по завршната сметка за 1973 година да оствариле најмалку 10% од недостатниот износ, а по завршната сметка за 1974 година — најмалку 40%.

Банките овластени за вршење работи на платниот промет и кредитни работи со странство се должни да ги исполнат условите во поглед на стручната подготовка на раководните и други работници од точка 1 на оваа одлука во рок од две години од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

6. Банката овластена за вршење работи на платниот промет и кредитни работи со странство, која во договорениот рок не ја изврши обврската по кредитна работа со странство, како должник или гарант, не може да дава гаранции по кредитни работи со странство, да користи кредити во странство ниту да прима депозити од странство сè додека таа обврска не ја изврши.

Ако банката повторно не ја изврши втасаната обврска работите од став 1 на оваа точка не може да ги врши 3 месеци од денот на втасаноста на обврската, а ако ниту во рок од тие 3 месеци не ја изврши втасаната обврска — работите од став 1 на оваа точка не може да ги врши сè додека не ја изврши обврската.

Ако овластената банка постапи противно на забраната од став 1 односно од став 2 на оваа точка или ако неизвршувањето на втасаната обврска потешко го загрози угледот односно кредитната способност на Југославија во странство, Народната банка на Југославија може да донесе одлука со која на овластената банка ѝ се забранува вршењето на нови работи на платниот промет и кредитни работи со странство, или само на одделни од тие работи, во траење до две години.

7. Технички упатства за спроведување на оваа одлука дава, по потреба, Народната банка на Југославија.

8. Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за дополнение на Одлуката за условите што деловните банки мораат да ги исполнуваат за вршење девизни работи („Службен лист на СФРЈ". бр. 60/72).

9. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Р. п. бр. 52
28 февруари 1973 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател,
**Џемал Биедиќ**, с. р.

## 141.

Врз основа на член 2 став 6 од Законот за утврдување и пресметување на вкупниот приход и доход во основните организации на здружениот труд („Службен лист на СФРЈ", бр.71/72), Сојузниот извршен совет донесува

# ОДЛУКА

## ЗА ЛИЧНИТЕ И ДРУГИТЕ ИЗДАТОЦИ ШТО ПРЕТСТАВУВААТ НАДОМЕСТОК НА ТРОШОЦИТЕ НА РАБОТЕЊЕТО КОИ СЕ НАМИРУВААТ ОД ВКУПНИОТ ПРИХОД НА ОСНОВНАТА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЗДРУЖЕНИОТ ТРУД

1. Како лични и други издатоци што, како трошоци на работењето, се намируваат од вкупниот приход на основната организација на здружениот труд се подразбираат паричните и другите давања предвидени со оваа одлука.

2. Од вкупниот приход на основната организација на здружениот труд, како трошоци на работењето, се намируваат следните парични и други давања:

1) издатоците за превоз на работниците и другите лица на службено патување, на работа на терен, на работа во друго место и на граничен премин, како и за превоз во друго место или во странство — заради школување, стручно обучување и усовршување;

2) издатоците за превоз на работниците на работа и од работа, ако таквиот превоз, поради оддалеченоста на станот и местото на работата, е неопходен;

3) издатоците за превоз на извршниот персонал во сообраќајот;

4) издатоците за превоз на работникот и на членовите на неговото потесно семејство при преселување од едно во друго место, при приемот на работникот на работа, како и при привремено посетување на семејството за време на работата на терен или за време на работата во друго место;

5) издатоците за превоз на предмети и други предмети на домаќинството на работникот при преселување од едно во друго место или од еден во друг стан, вклучувајќи ги и издатоците за пакување и распакување на предмети, за натовар и истовар, за сместување на предмети и слично;

6) надоместоците што на работниците и на другите лица им се исплатуваат во вид на дневница за време на траењето на службен пат по издаден патен налог, за работата на терен или на граничен премин, за време на работата, школувањето, стручното обучување или усовршување во друго место, надоместоците за привремено сместување на работниците што заради извршување на одредени работи привремено се упатуваат во друго место, како и надоместоците што во вид на дневница му се исплатуваат на извршниот персонал во сообраќајот;

7) надоместоците што на работниците им се исплатуваат за време на одвоен живот од семејството и за работата под неповолни услови (на пр на работилишта надвор од населени места и за работата во време на траење на невреме, дејство на факторот на виша сила и слично);

8) надоместокот на претставниците на организациите на здружениот труд и на странски фирми за време на престојот во одредено место — заради квантитативно или квалитативно преземање на стоки или за вршење на други работи, ако со договорот е предвидено поднесување на такви издатоци;

9) надоместоците по основ на исплата на авторски хонорари, трошоци на рецензија и технички прием — по основ на здобивање и искористување на авторски дела, технички пронајдоци и технички унапредувања, како и во врска со освојување ново производство;

10) издатоците во врска со вршење на рударско-геолошки истражувачки работи, како и издатоците за научноистражувачка работа во дејностите што се предмет на работењето на основната организација на здружениот труд;

11) издатоците направени за одржување на службата за спасување и на службата за укажување прва помош во рудници, топилници, сообраќајни и други дејности во кои вршењето на работите е врзано со ризици со кои се загрозува животот и здравјето на работниците или имотот на основната организација на здружениот труд;

12) издатоците за исхрана на извршниот персонал во сообраќајот и на другите лица за време на расчистување на пруги и патишта по елементарни непогоди и несреќи, како и издатоците на извршниот персонал на поштенскиот, телеграфскиот и телефонскиот сообраќај кој работи на подигање и поправка на птт постројки (птт-линии, кабли и уреди) — за време на траењето на таквата работа;

13) издатоците за исхрана на патниците и персоналот во воздухоплови и на бродови, што патуваат на релации на кои таквата исхрана е предвидена како задолжителна;

14) износите на странската валута што, според посебни прописи, му се исплатуваат на персоналот во воздухоплови и на бродови за време на престојувањето на воздухопловот и бродот надвор од територијата на Југославија, како и надоместоците што му се исплатуваат на линискиот персонал во сообраќајот за време на престојот во странство;

15) издатоците за топол оброк што за време на дежурство бесплатно му се дава на персоналот во организациите на здружениот труд во кои дежурството поради природата на работите задолжително се спроведува;

16) издатоците за засилена исхрана и топли напивки на работниците и на другите лица што работат на работи на кои засилената исхрана и давањето на топли напивки е предвидено како посебна заштитна мерка при работата;

17) издатоците за еден топол оброк што, врз основа на општиот акт донесен во согласност со општествениот договор и со самоуправната спогодба, се обезбедува заради одржување на работната способност на работниците во организациите на здружениот труд што имаат организирани ресторани за општествена исхрана и на организациите на здружениот труд што топол оброк за своите работници обезбедуваат со давање регрес за купување на топли оброци кај друга организација на здружениот труд;

18) издатоците за заштитни облеки и обувки и други заштитни средства на работниците што, врз основа на посебни прописи за заштитата при работата, се употребуваат заради спречување на повреди при работата и на професионални болести;

19) издатоците за обезбедување на работни облеки и обувки на работниците што работат на работи за чие вршење е неопходно носење на посебни облеки и обувки (на пр. на персоналот во сообраќајот, на чувари и сл.), како и издатоците за обезбедување облеки или обувки на лицата што во производството или во прометот на стоки или при вршењето на услуги доаѓаат во непосреден допир со прехранбени продукти или се изложуваат на ризикот на добивање и пренесување на зараза;

20) издатоците за обесштетување на лицата на кои со дејноста на основната организација на здружениот труд им е нанесена телесна повреда или материјална штета во износ утврден со судска одлука, со решение на надлежен орган или со порамнување.

3. Издатоците за превоз на работниците и на другите лица, во смисла на точка 2 под 1 до 5 на оваа одлука, од вкупниот приход на основната организација на здружениот труд можат да се исплатуваат во височина на цената на превозот со јавни превозни средства. Исплатата на тие издатоци, согласно со општиот акт, ѝ се врши непосредно на организацијата што врши превоз на работниците или му се даваат на работникот односно на лицето што го користи превозното средство.

Височината и начинот на давањето на надоместокот во смисла на точка 2 на оваа одлука се утврдува со општиот акт донесен врз основа на општествениот договор и самоуправната спогодба.

4. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Р. п. бр. 53
28 февруари 1973 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател,
**Џемал Биедиќ**, с. р.

---

**142.**

Врз основа на член 54 од Основниот закон за службата за безбедност на пловидбата („Службен лист на СФРЈ", бр. 39/64 и 47/65), сојузниот секретар за сообраќај и врски пропишува

## ПРАВИЛНИК

## ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ПЛОВИДБАТА ПО ВНАТРЕШНИТЕ ПЛОВНИ ПАТИШТА

Член 1

Во Правилникот за пловидбата по внатрешните пловни патишта („Службен лист на СФРЈ", бр. 14/70) во член 10 точката 2 се менува и гласи:

„2. По исклучок од одредбата на точка 1 од овој член одредени бродски исправи на пловилото не мораат да имаат:

— пловилата без посада — бродски исправи од точка 1 под ц) д) и е) на овој член;

— малите пловила — бродски исправи од точка 1 под б) и д) на овој член;

— малите пловила за разонода — бродска исправа од точка 1 под ц) на овој член, а наместо исправа од точка 1 под а) на овој член можат да имаат дозвола за пловидба."

Член 2

По член 10 се додава нов член 10а, кој гласи:

„1. Бродските исправи од член 10 точка 1 под а) и б) на овој правилник на пловилата без посада можат да се заменат со следните натписи на бродското корито или на постојано прицврстени плочи или табли на коритото, и тоа:

а) бродско свидетелство — со натпис кој мора да ги содржи следните податоци:

— број на бродското свидетелство;

— рок на важењето на бродското свидетелство;

— максимални габарити на пловилото (должина, широчина, височина на бокот, најголема височина и газење на пловилото);

— упатство за евентуалните ограничувања на пловидбата на некои сектори на внатрешниот пловен пат и видот на товарот што пловилото смее да го превезува;

б) свидетелство за баждарење — со натпис кој мора да содржи таблица за натовар од свидетелството за баждарење, со фотокопија или со заверена копија на ова свидетелство која се наоѓа на пловилото без посада или на туркач.

2. Оригиналите на бродското свидетелство и на свидетелството за баждарење на пловилото без посада мораат да се чуваат во организацијата на здружениот труд која е носител на правото на користење на пловилото.

3. Податоците од натписот на пловилото без посада, што ги заменуваат соодветните бродски исправи, мораат да бидат идентични со податоците содржани во соодветните оригинални бродски исправи. Евентуалните измени на податоците во бродските исправи мораат уредно да се внесуваат во натписите."

Член 3

Во член 126 став 1 точка 2 на крајот точката се заменува со точка и запирка и по тоа се додаваат три нови точки, кои гласат:

„3) ако пловилото без посада, наместо бродско свидетелство, нема натпис на бродското корито или на постојано прицврстени плочички односно табли на коритото, согласно со одредбите на член 10а точка 1 под а) на овој правилник, а наместо свидетелството за баждарење — натпис, фотокопија или заверена копија на свидетелството за баждарење;

4) ако не ги чува оригиналите на бродските исправи на пловилото без посада од член 10а точка 2 на овој правилник;

5) ако податоците во натписот на пловилото без посада не се идентични со податоците што ги содржи оригиналот на соодветната бродска исправа (член 10а точка 3)."

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 2320/2
15 февруари 1973 година
Белград

Сојузен секретар
за сообраќај и врски,
**Благој Попов**, с. р.

---

**143.**

Врз основа на член 77 точка 2 од Основниот закон за радио-сообраќајот („Службен лист на СФРЈ", бр. 14/65), директорот на Сојузната управа за радиоврски пропишува

# ПРАВИЛНИК
## ЗА ОТСТРАНУВАЊЕ ПРЕЧКИ КАЈ АМПЛИТУДНОМОДУЛИРАНИ РАДИОДИФУЗНИ ЕМИСИИ

### I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој правилник се утврдуваат фреквентното подрачје и работните канали за работата на радиодифузни предаватели на амплитудномодулирани емисии во подрачјата на долгите, средните и кратките бранови и се пропишуваат минималните технички карактеристики на приемниот сигнал и широчините на емисиите на радиодифузните предаватели и приемници.

Фреквентното подрачје, работните канали и другите технички карактеристики од став 1 на овој член мораат да обезбедуваат непречен прием на радиодифузни емисии односно прием без пречки.

Член 2

Одредбите на овој правилник се однесуваат на амплитудномодулираните емисии на радиодифузните станици, како и на производителите и увозниците на радиодифузни предаватели и приемници на тие емисии.

Член 3

За подобро користење на исклучивите фреквенции може да се користи работата на радиодифузните предаватели според принципот на синхронизирана мрежа — работа на повеќе предаватели на иста предајна фреквенција управувана или контролирана од едно место.

Радиодифузните предаватели што работат на синхронизирана мрежа мораат да имаат точност на фреквенција од 0,02 Hz.

Исклучиви фреквенции се оние фреквенции што со меѓународни планови за распределба на фреквенциите им се дадени на исклучиво користење на одделни земји.

Член 4

Во смисла на овој правилник, изразите наведени во овој член ги имаат следните значења, и тоа:

1) максимално употреблива осетливост на приемникот е осетливоста ограничена со засилување или ограничена со шум. За максимално употреблива осетливост се зема влезното ниво кое одговара на поголема вредност за една од следните две осетливости:

а) осетливоста на приемникот ограничена со засилување е еднаква на нивото на влезниот радиофреквентен сигнал, модулиран со 30% фреквенција од 1000 Hz, изразена во µV или µV/m, кој произведува стандарден излезен ефект од 50 mW, при што компонентите на шумот и ѕунењето се елиминирани со помош на погодни филтери а сите регулатори на засилувањето се поставени на максимум;

б) осетливоста на приемникот ограничена со шум е еднаква на нивото на влезниот радиофреквентен сигнал, модулиран со 30% фреквенција од 1000Hz, изразено во µV или µV/m, кој произведува излезен ефект така што односот сигнал+шум да биде 20 dB;

2) селективност на приемникот за соседниот канал претставува однос помеѓу ефектот на корисниот сигнал, модулиран со 30% фреквенција од 1000 Hz и ефектот на сигналот на фреквенцијата на соседниот канал, модулиран на истиот начин, потребен да даде ист ефект на излезот;

3) потискување на симетричната фреквенција претставува однос помеѓу ефектот на сигналот на симетричната фреквенција на влезот на приемникот и ефектот на корисниот сигнал потребен да даде ист ефект на излезот. Ако приемникот содржи повеќе степени за мешање на фреквенциите односно ако има повеќе симетрични меѓуфреквенции, треба да се одреди слабеењето за секоја од нив посебно;

4) симетрична фреквенција е еднаква на фреквенцијата на корисниот сигнал, зголемена или намалена за двапати поголема вредност од меѓуфреквенцијата зависно од тоа дали фреквенцијата на сопствениот осцилатор е поголема или помала од фреквенцијата на корисниот сигнал;

5) потискување на меѓуфреквенцијата на приемникот претставува однос помеѓу ефектот на сигналот на меѓуфреквенцијата на влезот на приемникот и ефектот на корисниот сигнал потребен да даде ист ефект на излезот. Ако приемникот содржи повеќе степени за мешање на фреквенциите односно има повеќе меѓуфреквенции, треба да се одреди слабеењето за секоја од нив посебно;

6) потискување на свирењето (пиштењето) на приемникот, предизвикано со меѓуфреквентни хармоници, за избраната вредност на влезниот сигнал е односот, изразен во dB, на излезниот ефект на свирењето (пиштењето) предизвикан со немодулиран сигнал и на излезниот ефект што го дава еднаков сигнал модулиран со 30% фреквенција од 1000 Hz;

7) ѕунењето на приемникот го сочинуваат компонентите на неговиот излез, што произлегуваат од изворот на напојувањето;

8) вкупниот максимален корисен излезен ефект на приемникот, на стандардната референтна фреквенција (1000 Hz), е вредноста на излезниот ефект пригоден со регулаторот на јачината, при која факторот на хармоничните изобличувања не преминува 10%, при што на влезот на приемникот е доведен сигнал со јачина 80 dB (μV или μV/m) модулиран 30%;

9) референтниот излезен ефект на приемникот е ефектот за 10 dB/10 пати помал од вкупниот максимален излезен ефект;

10 стабилност на приемникот е особина излезниот ефект да се менува во што помали граници зависно од:

а) времето на вклучувањето на приемникот,
б) промената на температурата на околината,
в) промената на напонот на напојувањето.

## II. ФРЕКВЕНТЕН ОПСЕГ, РАБОТЕН КАНАЛ И ТОЧНОСТ НА ФРЕКВЕНЦИЈАТА

Член 5

Радиодифузните предаватели со амплитудномодулирани емисии работат во подрачјата на долги (ДБ), средни (СБ) и кратки (КБ) бранови.

### 1. Подрачје на долги бранови

Член 6

Радиодифузните предаватели со амплитудномодулирани емисии што работат во подрачјето на долги бранови користат фреквентен опсег од 150 до 285 kHz.

Член 7

Фреквентниот опсег од 150 до 285 kHz содржи 15 работни канали со одредена носечка фреквенција и со бранова должина, и тоа:

| Работен канал | Носечка фреквенција $f_0$ (kHz) | Бранова должина (m) |
|---|---|---|
| 1 | 155 | 1935 |
| 2 | 164 | 1829 |
| 3 | 173 | 1734 |
| 4 | 182 | 1648 |
| 5 | 191 | 1571 |
| 6 | 200 | 1500 |
| 7 | 209 | 1435 |
| 8 | 218 | 1376 |
| 9 | 227 | 1322 |
| 10 | 236 | 1271 |
| 11 | 245 | 1224 |
| 12 | 254 | 1181 |
| 13 | 263 | 1141 |
| 14 | 272 | 1103 |
| 15 | 281 | 1068 |

Дозволеното отстапување на носечката фреквенција во фреквентниот опсег од 155 до 285 kHz изнесува 10 Hz.

### 2. Подрачје на средни бранови

Член 8

Радиодифузните предаватели со амплитудномодулирани емисии што работат во подрачјето на средните бранови користат фреквентен опсег од 525 до 1605 kHz.

Член 9

Фреквентниот опсег од 525 до 1605 kHz содржи 121 работен канал со одредена носечка фреквенција и со бранова должина, и тоа:

| Работен канал | Носечка фреквенција $f_0$/kHz/ | Бранова должина /m/ | Работен канал | Носечка фреквенција $f_0$/kHz/ | Бранова должина /m/ | Работен канал | Носечка фреквенција $f_0$/kHz/ | Бранова должина /m/ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 1 | 2 | 3 | 1 | 2 | 3 |
| 1 | 529 | 567 | 41 | 890 | 337 | 81 | 1250 | 240 |
| 2 | 539 | 557 | 42 | 899 | 334 | 82 | 1259 | 238,5 |
| 3 | 548 | 547 | 43 | 908 | 330 | 83 | 1268 | 236,5 |
| 4 | 557 | 539 | 44 | 917 | 327 | 84 | 1277 | 235 |
| 5 | 566 | 530 | 45 | 926 | 324 | 85 | 1286 | 233,5 |
| 6 | 575 | 522 | 46 | 935 | 321 | 86 | 1295 | 231,5 |
| 7 | 584 | 514 | 47 | 944 | 318 | 87 | 1304 | 230 |
| 8 | 593 | 505 | 48 | 953 | 315 | 88 | 1313 | 228,5 |
| 9 | 602 | 498 | 49 | 962 | 312 | 89 | 1322 | 227 |
| 10 | 611 | 491 | 50 | 971 | 309 | 90 | 1331 | 225,5 |
| 11 | 620 | 484 | 51 | 980 | 306 | 91 | 1340 | 224 |
| 12 | 629 | 477 | 52 | 989 | 303 | 92 | 1349 | 222,4 |
| 13 | 638 | 470 | 53 | 998 | 301 | 93 | 1358 | 220,9 |
| 14 | 647 | 464 | 54 | 1007 | 298 | 94 | 1367 | 219,5 |
| 15 | 656 | 457 | 55 | 1016 | 295 | 95 | 1376 | 218 |
| 16 | 665 | 451 | 56 | 1025 | 293 | 96 | 1385 | 216,6 |
| 17 | 674 | 445 | 57 | 1034 | 290 | 97 | 1394 | 215,2 |
| 18 | 683 | 439 | 58 | 1043 | 288 | 98 | 1403 | 213,8 |
| 19 | 692 | 434 | 59 | 1052 | 285 | 99 | 1412 | 212,8 |
| 20 | 701 | 428 | 60 | 1061 | 283 | 100 | 1421 | 211 |
| 21 | 710 | 423 | 61 | 1070 | 280,5 | 101 | 1430 | 209,8 |
| 22 | 719 | 417 | 62 | 1079 | 278 | 102 | 1439 | 208,4 |
| 23 | 728 | 412 | 63 | 1088 | 275,5 | 103 | 1448 | 207,2 |
| 24 | 737 | 407 | 64 | 1097 | 273,5 | 104 | 1457 | 205,9 |
| 25 | 746 | 402 | 65 | 1106 | 271 | 105 | 1466 | 204,6 |
| 26 | 755 | 397 | 66 | 1115 | 269 | 106 | 1475 | 203,4 |
| 27 | 764 | 393 | 67 | 1124 | 267 | 107 | 1484 | 202,2 |
| 28 | 773 | 388 | 68 | 1133 | 265 | 108 | 1493 | 200,9 |
| 29 | 782 | 384 | 69 | 1142 | 262,5 | 109 | 1502 | 199,7 |
| 30 | 791 | 379 | 70 | 1151 | 261 | 110 | 1511 | 198,5 |
| 31 | 800 | 375 | 71 | 1160 | 260,5 | 111 | 1520 | 197,4 |
| 32 | 809 | 371 | 72 | 1169 | 257 | 112 | 1529 | 196,1 |
| 33 | 818 | 367 | 73 | 1178 | 254,5 | 113 | 1538 | 195 |
| 34 | 827 | 363 | 74 | 1187 | 253 | 114 | 1546 | 194 |
| 35 | 836 | 359 | 75 | 1196 | 251 | 115 | 1554 | 193 |
| 36 | 845 | 355 | 76 | 1205 | 249 | 116 | 1562 | 192,7 |
| 37 | 854 | 351 | 77 | 1214 | 247 | 117 | 1570 | 191,1 |
| 38 | 863 | 348 | 78 | 1223 | 245 | 118 | 1578 | 190,1 |
| 39 | 872 | 344 | 79 | 1232 | 243,5 | 119 | 1586 | 189,2 |
| 40 | 881 | 341 | 80 | 1241 | 242 | 120 | 1594 | 188,2 |
| | | | | | | 121 | 1602 | 187,4 |

Дозволеното отстапување на носечката фреквенција во фреквентниот опсег од 525 до 1605 kHz изнесува 10 Hz.

### 3. Подрачје на кратки бранови

Член 10

Радиодифузните предаватели со амплитудномодулирани емисии што работат во порачјето на кратки бранови користат одредени фреквентни подопсези во фреквентниот опсег од 5950 до 26100 kHz.

Член 11

Фреквентниот опсег од 5950 до 26100 kHz содржи 10 подопсези, и тоа:

— подопсег 49 m : 5950— 6200 kHz
— подопсег 42 m : 7100— 7300 kHz
— подопсег 31 m : 9500— 9775 kHz
— подопсег 25 m : 11700—11975 kHz
— подопсег 19,5 m : 15100—15450 kHz
— подопсег 17 m : 17700—17900 kHz
— подопсег 14 m : 21450—21750 kHz
— подопсег 11,5 m : 25600—26100 kHz.

Дозволеното отстапување на носечката фреквенција изнесува: $10 \times 10^{-6}$ односно 15 Hz по MHz.

## III. МИНИМАЛНИ ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ПРИЕМНИОТ СИГНАЛ И НЕГОВА ЗАШТИТА

### Член 12

Минималната заштита на корисниот сигнал од пречки за работата на радиостаниците на иста фреквенција (± 50 Hz) во подрачјата на долги и средни бранови, што работат на фреквенции кои според меѓународната распределба и се доделени на Југославија (Копенхаген, 1948), треба да биде 40 dB, ако нивото на корисниот и попречувачкиот сигнал е стабилно.

Минималната заштита на корисниот сигнал од пречки за работата на радиостаниците на иста фреквенција (± 50 Hz) во подрачјата на долги и средни бранови, што работат на фреквенции кои според меѓународната распределба не и се доделени на Југославија (Копенхаген, 1948) треба да биде 27 dB, ако нивото на корисниот и попречувачкиот сигнал е стабилно.

Ако нивото на корисниот сигнал е стабилно а нивото на пречките променливо со времето како минимална заштита на корисниот сигнал од пречките треба да се смета вредноста помеѓу јачината на полето на корисниот сигнал и јачината на полето на пречките која ќе биде надминатa со вредноста мерена во полноќ за 50% ноќи во текот на една година.

### Член 13

Минимално корисниот сигнал кој мора да се заштити за сите радиодифузни подрачја изнесува 1 mV/m или 60 dB (μV/m).

### Член 14

Минималната заштита на корисниот сигнал од пречки на различни фреквенции во подрачјата на долги и средни бранови, е дадена зависно од разликата на носечката фреквенција на корисниот сигнал кој е стабилен и на носечката фреквенција на попречувачкиот сигнал кој е стабилен или променлив.

Вредноста на заштитата од став 1 на овој член е дадена со кривата линија А и Б на сликата 1.




*Слика 1 — Заштита во функцијата на фреквентната разлика помеѓу корисниот и попречувачкиот сигнал,*

каде што: кривата линија А ја дава вредноста на заштитата при средна компресија (максимална динамика 30 dB) на модулацијата на влезот на предавателот
кривата линија Б ја дава вредноста на заштитата при јака компресија чија динамика за 10 dB е поголема од динамиката на слабата компресија.

Забелешка: Кривите линии А и Б важат само во случај кога корисниот сигнал и попречувачкиот сигнал имаат ист степен на компресија.

При утврдувањето на вредноста на заштитата поголема од 50 dB мора да се води сметка за влијанието на нелинеарните изобличувања на предавателот.

## IV. ШИРОЧИНА НА АМПЛИТУДНОМОДУЛИРАНАТА ЕМИСИЈА

### Член 15

Кај амплитудномодулираната радиодифузна емисија е дозволена највисока непридушена модулациона фреквенција за подрачјата на долги и средни бранови од 4500 Hz, а за подрачјето на кратки бранови од 6400 Hz.

Широчината на потребниот опсег (2 Bn) за радиодифузните амплитудномодулирани емисии во подрачјата на долги и средни бранови е 9000 Hz, а за подрачјето на кратки бранови 12.800 Hz.

### Член 16

Дозволените зрачења надвор од потребниот опсег се одредени со кривата линија на сликата 2.




*Слика 2 — Дозволените зрачења надвор од потребниот опсег:*

Апсцисата: $\frac{f - f_0}{B_0}$ за $f > f_0$

$\frac{f_0 - f}{B_0}$ за $f < f_0$

Ординатата: Густината на ефектот, во децибели, во однос на густината на ефектот што би постоела ако вкупниот ефект, изземајќи го ефектот на носечката фреквенција, би бил распределен рамномерно внатре во широчината на потребниот опсег.

Ознаките значат: 2 Bn — широчина на потребниот опсег,
fo — носечка фреквенција.

## V. МИНИМАЛНИ ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА РАДИОДИФУЗЕН ПРЕДАВАТЕЛ

### Член 17

Во радиосообраќајот може да се користи радиодифузен предавател со амплитудномодулирани емисии, кој на местото на приемот дава сигнал со пропишаните минимални технички карактеристики.

Радиодифузниот предавател од став 1 на овој член мора да има минимални технички карактеристики според одредбите на овој правилник.

Член 18

Предавателот со излезен ефект поголем од 1 kW треба да има вештачко оптоварување еднакво со номиналната излезна импеданција на предавателот.

Во одреденото фреквентно подрачје грешката на приспособувањето на вештачката антена не смее да ја преминува вредноста 1,1.

Во фреквентното подрачје до тројната вредност на највисоката носечка фреквенција, влезната импеданција на вештачката антена може да отстапува од пропишаната вредност, но нејзината апсолутна вредност и фазниот агол мораат да бидат назначени зависно од фреквенцијата.

Член 19

Амплитудата на носечката фреквенција модулирана со 90% фреквенција од 1000 Hz при константен напон на напојување, не смее да се промени повеќе од 4% во однос на амплитудата на немодулираната носечка фреквенција.

Член 20

На нискофреквентниот влез предавателот мора да има преклопка која служи за избирање еден од доводните напони за надворешно побудување, како и напон од контролираниот со кварц побудувач сместен во предавателот.

Зад преклопката од став 1 на овој член кај предавателот за средни и долги бранови, фреквенцијата не смее да се дели или умножува понатаму.

Член 21

Импенданцијата на приклучокот за надворешно побудување изнесува 50 ома со грешка на приспособување од 1,2.

За далечинско управување на предавателот мора да биде доволен ефект на надворешно побудување од 1 W на 50 ома.

Член 22

Помеѓу преклопката од член 20 на овој правилник и првиот степен на предавателот мора да биде предвидено раставно место за можност за уфрлување на раздвојниот степен кај удвоени предаватели.

Се препорачува да се обезбеди слободно место за развојниот степен. за преклопката на степенот и за припаѓачкиот уред за контрола.

Член 23

Промената на работната фреквенција, во пред- то ф квентно подр чје на предавателот, мора да биде овозможена во траење до 1 час без посебни помошни средства и без преспојување со лемење.

Кај краткобранови предаватели мора да биде овозможен премин на друга веќе приготвена работна фреквенција во рок од најмногу 2 минути.

Член 24

За а и олесн вање на п иго увањето кај п едавателот чиј ефект е поголем од 20 kW, треба да се предвидат излезен степен на предавателот и излезни кола на предавателот со вградена направа за пригодување — рефлектометар.

Направата за пригодување мора да овозможи точно пригодување како кај полн така и кај намален излезен ефект и мора да биде пригодена за приклучок на заштитниот уред против расипување.

Член 25

Коаксијалниот кабел за напојување на антената треба да има бранов отпор од 50 ома. Ако е употребен посебен напоен вод, неговиот отпор мора посебно да се назначи. Во двата случаи мора да постои можност ефектот на предавателот да се пренесува врз оптоварувањето со грешка на приспособувањето K = 2,0.

$$K = SWR = \frac{U\,max.}{U\,min.} = \frac{1 + G}{1 - G} \quad \text{Каде што е:}$$

$$G = \frac{U\,dir.}{U\,ref.} = \frac{P\,dir.}{P\,ref.} \quad \text{односно} \quad G = \frac{K - 1}{K + 1} \quad \text{Каде што е:}$$

K = грешка на приспособување
U = високофреквентен напон
P = високофреквентен ефект
G = коефициент на рефлексија

Член 26

Во излезниот степен на предавателот, со ефект поголем од 10 kW, е потребно да се вградат мерни уреди за високофреквентен ефект и приспособување, а за предаватели поголеми од 20 kW со можност за приклучок на заштитниот уред од расипување. Мерните инструменти што се употребуваат во радиостаници во поглед точноста мораат да одговараат на класата 1,5 а струјните трансформатори — на класата 1.

На излезот на предавателот со ефект над 1 kW е потребно да се вгради мерен приклучок со конектор тип N (ž) со кој треба да се обезбеди напон од 25 V на 50 ома.

Член 27

Нискофреквентниот влезен ефект во модулаторот на фреквенцијата од 1000 Hz за 100% модулација треба да е помала од + 6 dBm.

Член 28

На влезот во модулаторот мора да се наоѓа атенуатор со можност за регулација ± 8 dB, во скокови од по 0,5 dB.

Член 29

За влезните напони од синусен облик, предавателот мора да поднесе степен на модулација од 100% во фреквентно подрачје од 100 Hz до 3000 Hz.

Постигнатиот степен на модулацијата од став 1 на овој член не смее да опадне под 80% кај модулационата фреквенција од 40 Hz и под 95% кај модулационата фреквенција од 4500 Hz. Опаѓањето на степенот на модулацијата е линеарно со логаритамската поделба на фреквенцијата на апсцисата (Слика 3).




*Слика 3 — Зависност на степенот на модулацијата, што предавателот мора да го поднесе во функцијата на фреквенцијата.*

Член 30

Амплитуднофреквентната карактеристика на предавателот за средни бранови и за долги бранови при задржување на исто нискофреквентно влезно ниво на модулационата фреквенција, мерена со влезното ниво кое дава степен на модулација од 50% кај 1000 Hz, не смее да отстапи во фреквентното подрачје од 50 до 4000 Hz за повеќе од 1 dB. Во вкупното фреквентно подрачје од 40 до 4500 Hz отстапувањето не смее да биде поголемо од 2 dB во

однос на вредноста мерена за 1000 Hz. Во фреквентното подрачје под 20 Hz и над 5000 Hz тоа отстапување треба да е поголемо од 20 dB, а под 20 Hz и над 5000 Hz тој однос не смее да се намали.

Амплитуднофреквентната карактеристика на предавателот за кратки бранови при задржување на исто нискофреквентно влезно ниво на модулационата фреквенција, мерена со влезното ниво кое дава ду ц ј д % ј , е ее а отстапи во фреквентното подрачје од 40 до 5.400 Hz за повеќе од 1 dB. Во вкупното фреквентно подрачје од 40 до 6.400 Hz отстапувањето не смее да биде поголемо од 2 dB во однос на вредноста мерена за 1000 Hz. Во фреквентното подрачје под 20 Hz и над 7.500 Hz тоа отстапување треба да е поголемо од 20 dB, а под 20 Hz и над 7.500 Hz тој однос не смее да се намали.

Член 31

Амплитуднофреквентната карактеристика на предавателот кај влезното ниво кое одговара на степенот на модулацијата од 80% не смее да отстапува во однос на карактеристиката мерена според член 30 на овој правилник, ниту на една фреквенција повеќе од 0,5 dB.

Член 32

При степенот на модулацијата од 80%, факторот на хармоничните изобличувања не смее да ги пречекори следните вредности:

| Фреквенции | При испорака или при технички преглед | Во експлоатација |
|---|---|---|
| 40 Hz | 3,0 % | 5,0 % |
| 120 Hz | 1,5 % | 2,5 % |
| 1000 Hz | 1,5 % | 2,5 % |
| 5000 Hz | 3,0 % | 5,0 % |

За помали степени на модулација од 80% факторот на хармоничните изобличувања не смее да ги преминува вредностите од табелата во овој член.

Член 33

При степенот на модулацијата од 50% максимално дозволените интермодулациони изобличувања од втор и трет ред изнесуваат 2%. Интермодулационите изобличувања од втор ред ($d_2$) и од трет ред ($d_3$) се дефинираат како:

$$d_2 = 100 \frac{A(f_1 - f_2)}{A_{f1} + A_{f2}}$$

$$d_3 = 100 \frac{A(2f_1 - f_2) + A(2f_2 - f_1)}{A_{f1} + A_{f2}} \quad \text{каде што е:}$$

A — амплитуда
$f_1$ — прва интермодулациона фреквенција
$f_2$ — втора интермодулациона фреквенција

Забелешка: Напоните на фреквенцијата $f_1$ и $f_2$ се со еднаква амплитуда, а фреквентната разлика $f = f_1 - f_2$ има вредност помеѓу 71 и 400 Hz

Член 34

Кај нискофреквентни засилувачи на ефектот што работат во класата B, мора да постои можност за поединечно пригодување на преднапонот на решетката и на наизменичниот напон на решетката, за секоја цевка.

Член 35

Потискувањето на пречки од туѓ напон, кај амплитудномодулирана емисија, во однос на нивото на напонот кај 100% модулација со 1000 Hz, треба да е поголема од 50 dB, без псофометрички филтер.

Потискувањето на нивото на шумот на предавателот треба да е поголемо од 60 dB во однос на нивото на напонот кај 100% модулација со 1000 Hz со псофометриски филтер.

Член 36

Средниот ефект на предавателот на која и да било хармонична или споредна фреквенција, а која се пренесува на напојниот вод на антената или на вештачката антена, мора да биде најмалку 40 dB под средниот ефект на основната фреквенција, а не смее да ја преминува вредноста од 50 mV (слика 4).




*Слика 4 — Средни ефекти на предавателот на која да било хармонична или споредна фреквенција*

Член 37

Техничките карактеристики на предавателот, освен вредноста на излезниот ефект, мораат да останат во границите пропишани со овој правилник при отстапување на напонот на мрежата од соодветната номинална вредност за + 5% и 10% и на фреквенцијата на мрежата од номиналната вредност (50 Hz) за ± 2%.

Член 38

Температурата на просторијата во која предавателот работи треба да е во границите + 5°C до + 35°C.

Релативната влажност на воздухот во просторијата во која предавателот работи треба да е помала од 90%.

Член 39

Јачината на високофреквентното поле во погонската просторија е дозволена максимално 10 V/m за која и да било фреквенција.

Член 40

Јачината на магнетното поле на фреквенцијата на мрежата не смее во просторијата на предавателот да ја преминува вредноста од 50 милиерстеда односно 4 A/m.

### Член 41

Пропишаните услови на работата, вклучувајќи ги и техничките карактеристики и ефектот, кај номиналниот напон и номиналната фреквенција на мрежата мораат да бидат содржани во целиот гарантен рок на цевката.

### Член 42

При испаѓање на одделни фази на мрежата предавателот и деловите на постројката на предавателот не смеат да претрпат никаква штета.

### Член 43

Радиодифузните предаватели со ефект над 2 kW мораат да имаат обезбедена непрекинатост на емитирањето на програмата.

Предавателите од став 1 на овој член, заради непрекинатост на емитирањето на програмата, можат да работат со намален ефект, но не помал од 10 dB (10 пати).

### Член 44

При нормален аноден напон и со 100% модулација со фреквенција од 1000 Hz, предавателот мора да издржи ударно удвојување на нискофреквентниот влезен напон (зголемување за 6 dB).

### Член 45

Предавателот мора да поднесе работа во траење од 24 часа со нормална работна модулација. При таа работа на ниеден дел на предавателот не смее да се утврди прегревање ниту оштетување кое би ја довело во прашање способноста на предавателот за трајна работа.

### Член 46

Краткиот спој и празниот ход на излезните приклучоци на предавателот мора да биде можен, при полна модулација, а да не настапат штетни последици на уредите, инструментите и потсклоповите на предавателот.

### Член 47

Инструментите на радиостаниците за мерење на високофреквентна струја и на напонот мораат да имаат точност од ± 5%.

Високофреквентните мерачи на ефектот мораат да имаат точност од ± 5%. Точноста на покажувањето за стоечките бранови мора да изнесува најмалку ± 0,1 во подрачјето за k = 1,0—1,5.

## VI. МИНИМАЛНИ ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА УДВОЕНИТЕ РАДИОДИФУЗНИ ПРЕДАВАТЕЛИ

### Член 48

Удвоените радиодифузни предаватели, покрај минималните технички карактеристики од одредбите на главата V на овој правилник, мораат да ги исполнуваат техничките карактеристики на степенот за раздвојување и на степенот за спојување (слика 5).




*Слика 5 — Удвоени радиодифузни предаватели*

### Член 49.

Потребниот ефект за побудување на степенот за раздвојување не може да биде поголем од 1 W.

Импеданцијата на приклучокот на степенот за раздвојување кај отворен излез изнесува 50 ома со грешка на приспособување помала од 1,2.

Влезното коло мора да биде изведено така што при грешка во цевките во еден крак, излезниот напон на другиот крак да може да падне најмногу 10%.

### Член 50

Степенот за раздвојување има два излеза од кои секој треба да има излезно ниво на сигнал од 1 W на импенданција од 50 ома.

Степенот за раздвојување мора да има можност за меѓусебно фазно поместување на обата излеза на напонот во границите од 0° до ± 180°. При фазното поместување, амплитудите на обата излеза на напонот можат да се менуваат за најмногу 5%.

Степенот за раздвојување мора да има можност за регулирање на секој одделен излезен напон во границите од 0 до 100%, независно еден од друг, а при тоа меѓусебната положба на фазите да не се промени за повеќе од 5°.

### Член 51

При празен ход или при краток спој на еден излез на степенот за раздвојување, не смее да се промени амплитудата на напонот на неговиот друг излез за повеќе од 10%.

### Член 52

Покрај степенот за раздвојување, мора да постои и поле за преспојување, преку кое се води сигналот за побудување директно на влезот на еден или друг предавател, заобиколувајќи го степенот за раздвојување.

### Член 53

Копчето за пригодување на фазното поместување мора да има голем преносен однос на вртење и можност за кочење на скалата за пригодување.

### Член 54

Степенот за спојување мора да биде изведен така што да овозможи преспојување во времето од најмногу 1 секунда на:

1) предавателот I и II над степенот за спојување на антената. Вештачката антена, во тој случај, е спoена со нулевата точка на степенот за спојување;

2) предавателот I директно на антената, а предавателот II на вештачката антена;

3) предавателот II директно на антената, а предавателот I на вештачката антена.

За времето на преспојувањето, носечката фреквенција на обата предаватели мора да биде автоматски блокирана.

### Член 55

Векторската промена на влезната импеданција на една точка на напојувањето на степенот за спојување не смее да изнесува повеќе од 5% за сите промени на импенданцијата на другата точка на напојувањето што можат да се движат помеѓу празниот ход и краткиот спој.

Ако излезните приклучоци на степенот за спојување се затворат со по 50 ома активна отпорност, влезните отпори на обете точки за напојување на степенот за спојување мораат да имаат вредност од 50 ома со дозволена грешка на приспособување до 1,1.

### Член 56

Ако степенот за спојување се напојува само по пат на еден предавател, напонот на другиот влезен приклучок, кој е затворен со отпор од 50 ома, не смее да изнесува повеќе од 10% на напонот за напојување.

Член 57

Удвоените предаватели мораат да имаат вештачка антена

Вештачката антена мора привремено да го поднесе оптоварувањето на обата предаватела кои се модулирани 100%.

Член 58

